Култура

Објавено на: 30.04.2009 15:33:46
Автор: Елена Димитровска

# Проект „На јавна маса, ѕид, под“ во ЦК

Културниот центар ЦК од утре, 1 мај па се‘ до 30 октомври оваа година, започнува со реализирање на проектот „На јавна маса, ѕид, под: Уметнички и кураторски колаборативни истражувања“



Овој проект има за цел да ја стимулира и ангажира новопојавената генерација критички настроени умови, млади уметници, историчари на уметност и теоретичари кои работат во Македонија и се заинтересирани за современа уметност и кураторска пракса. Проектот исто така ги поканува веќе етаблираните артисти, куратори и теоретичари да се вклучат во дијалог со новата генерација и да започнат процес на обликување и артикулирање на актуелниот контекст на современата уметност во Македонија.Културниот центар ЦК го гледа овој проект како стимулација за новата генерација уметници, куратори и теоретичари, посебно во овој момент кога има очигледно опаѓање на посетеноста на изложбите и слаб интерес во посетата на настаните и изложбите од современата уметност.Исто така, проектот ќе иницира да се направи нешто во врска со позицијата на независната уметничка сцена, токму сега кога не многу од постоечките невладини организации, културни простори и останати независни институции имаат можност да поддржат продукција на нови проекти, изложби или настани.Токму затоа, ЦК предлага проект кој треба да инспирира нов креативен и критички процес во контекст на понатамошен развиток на современата уметност и кураторската пракса...

@ Copyright 2010 | Форум